# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВНАТА ИНСПЕКЦИЈА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.33 од 05.03.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за управната инспекција („Службен весник на Република Македонија" број 69/2004, 22/2007, 115/2007, 51/11, 164/13 и 41/14), во членот 2 ставот 1 се менува и гласи:

„Управната инспекција го опфаќа надзорот над примената на Законот за општата управна постапка и другите закони што содржат одредби за управната постапка, како и инспекцискиот надзор над спроведувањето на одредбите на Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници и Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност, согласно закон."

**Член 2**

Одредбите од членот 1 од овој закон кои се однесуваат на инспекцискиот надзор над спроведувањето на одредбите на Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административни службеници ќе отпочнат да се применуваат со денот на отпочнувањето на примената на Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" број 27/14 и 199/14) и Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14 и 199/14), а одредбите кои се однесуваат на инспекцискиот надзор над спроведувањето на одредбите на Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност ќе отпочнат да се применуваат со денот на отпочнувањето на примената на Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност („Службен весник на Република Македонија" број 199/14).

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија.